**ЗАПИСНИК**
**од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.02.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Довлева Давидовска, Горан Радуновиќ, Весна Симоновска, м-р Арбен Саити, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Јанчески кој преку СМС-порака го известил дека во терминот на одржување на седницата има часови/предавања на својот матичен факултет.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2020 година.
2. Нацрт-методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.
3. Нацрт-упатство за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.
4. Нацрт–правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година.
5. Нацрт–упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р.С. Македонија.

6. Нацрт–упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава.
7. Предлог за запирање на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.
8. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување.
9. Предлог-одлуки за одземање на дозвола на радиодифузери.
10. Предлог за прекинување на постапката во врска со доставено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
12. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
13. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.
14. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2020 година, поради временски немање можност истиот да се изработи. Предлог-записникот се одложи за продолжение на 10-та седница кое ќе се одржи пред почетокот на некоја од наредните седници.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси. Објасни дека со измените на Изборниот законик, коишто стапија на сила на 16.02.2020 година, се наметна потреба да се измени досегашната методологија на мониторинг на изборното медиумско преставување. Додаде дека во досегашната методологија се скицирани членовите од Изборниот законик и генерално ова е главната причина зошто со измената на Изборниот законик често се јавува потреба да се менува и методологијата. Од овие причини подготвен е нов нацрт-текст на методологијата, во којшто се избришани цитираните одредби од Изборниот законик, но, освен ова направени се и некои други помали измени. На пример, има измени кои се должат на самите измени на Изборникот законик. Понатаму, во делот кај вестите на МРТ имаше цел еден дел во којшто беше објаснето зошто е битно да информираат за активностите и на независните кандидати, со оглед на тоа што претходно независните кандидати не беа вклучени во распределбата на времето во вестите. Бидејќи тоа сега

е изменето нема потреба од тој дел. Некои работи се изменети затоа што праксата покажала дека се премногу детално опишани во методологијата и тоа може да претставува пречка, затоа што искуствата покажуваат дека секој изборен процес носи свои специфики и треба поинаков приод во мониторингот. Од овие причини малку е изменет делот опфат и примероци – во него порано беше детално уредено и кој сè ќе биде вклучен и кој сè ќе биде исклучен од мониторингот. Сега има генерални формулации за тоа кои се критериумите коишто ќе се имаат предвид при утврдувањето на примероците за мониторинг. Направени се и одредени правописни измени, проверени се сите референци во документот на релевантните странски документи и обновени се линковите затоа што праксата покажа дека некои од старите линкови повеќе не функционираат. Затоа му се предлага на Советот да ја усвои оваа нацрт-методологија со текстот како што е предложена и да отвори јавна расправа, но поради изборите таа да биде во пократок рок, во траење од седум дена, заклучно со 6 март. Документот да се објави на веб страницата на Агенцијата и да се поканат радиодифузерите да се вклучат во јавната расправа.

Г-дин Петрушевски посочи дека изборниот процес е многу важен за државата, дека ова е нешто што не може да се контролира и дека не може да си дозволат рок поголем од 7 дена. Рече дека е ова е само нацрт документ за кој има време доколку некој има забелешки, вклучувајќи ја и јавноста. Г-дин Петрушевски отвори дискусија по точката.

Заменик на претседателот на Советот г-дин Фетаи го поддржа предлогот за Нацрт-методологијата, рече дека е добро што се инкорпорирани обврските кои произлегуваат од измената на Изборниот законик, а се однесуваат на медиумите и на покривањето на изборите. Рече дека има забелешки во врска со времето кое е определено за изборниот молк, кога почнуваат да се бројат 24 часа, дали од 00:00 часот. Напомена дека за ова се дебатирало и во минатото во смисла дали периодот трае 24 часа или до завршување на изборите во 19 часот. Прашува од тој аспект дали е прецизиран периодот.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска појасни дека во Законот е определено кога започнува изборниот молк, од полноќ до 19 часот на денот на одржување на изборите, формулацијата е 24-часа пред денот на одржување на изборите и таа е преземена од Изборниот законик.

Г-дин Фетаи рече дека тоа сепак не се 24 часа, неговата идеја била Нацрт-методологијата биде во согласност со она што го има дадено законодавецот. Доколку е така временски условено ќе се реализира она што ни произлегува како регулаторна обврска.

Г-дин Петрушевски рече дека на изборите се решава иднината на државата во наредните четири години и премногу е важно да дозволиме повеќе време.

Г-дин Фиданоски рече дека би продолжил од таму каде што застанал г-дин Фетаи, односно дека законски е утврдено дека изборниот молк почнува 24 часа пред почетокот на изборите и трае до 19 часот на денот на изборите, односно додека трае гласањето. Математички, тоа се 43 часа, но таков е Законот. Рече дека за него содржински, Методологијата останува иста, без разлика колку пати таа досега е менувана, во зависност од секоја нова законска измена и дека тие преку самата Методологија си ја вршат нивната работа. Важно е мониторингот да се спроведе

квалитетно и професионално врз сите што го покриваат медиумското претставување на учесниците во изборите. Посочи дека на тој начин ќе си ја заработи оценката којашто ја имаме од минатите изборни циклуси, дека како регулатор, како Агенција, добро си ја завршиле работата и за него тоа е најважно. Предложи поради честите измени, за да не навлегуваат во правно-формални „џебови", можеби е најдобро да се исфрлат законските одредби на коишто реферира Методологијата затоа што тие се јасни во Изборниот законик, од член 75 до 77, плус членот 69, плус уште еден член има кај поимите и тој се однесува на медиумското претставување. Смета дека нема потреба целосно да ја обременуваат Методологијата. Од тие причини, се согласува и со пократкиот рок затоа што веќе се влезени во предизборие, практично и формално. Ќе даде поддршка што поскоро да се донесе оваа Методологија.

Г-дин Трајчев исто така ја изрази својата поддршка за предложената Нацрт-методологија. Посочи дека наназад повеќе циклуси Методологијата се надоградува, се адаптира во насока на сите оние недостатоци и недоречености коишто претходно ги имало. Смета дека се добро поставени работите. Се согласува со г-динот Фидановски, дека не е само текстот туку многу е битно и имплементирањето на оваа Методологија, односно Советот да си ја заврши работата како што треба, согласно Законот и согласно самата Методологија, како и претходно да го направат професионално во сите оние рокови коишто се таму дадени. Во однос на објавувањето на Методологијата, затоа што е краток рокот кога јавноста може да даде свои предлози или забелешки, добро е да се информираат сите засегнати страни за да не се случи како во некои претходни години да нешто пропуштиле, па се јавува некој проблем поради некоја одредба. Добро е да се информираат веднаш дека рокот е краток и дека секој којшто има некој предлог или забелешка, или пак нешто не е јасно, да го достави во овој рок за да може тоа да се направи согласно Законот и согласно потребите на целиот тој процес.

Г-дин Петрушевски рече дека очекува непосредно по завршување на седницата Нацрт-методологијата да се објави на официјалната веб страница на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.03-904/1 од 27.02.2020 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно ја усвои Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Методологија да ја објави на веб страницата на Агенцијата со цел да обезбеди јавна расправа во времетраење од 7 дена, заклучно со 6 март 2020 година и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи предлогот за Нацрт-упатство за потврдување на извештаите за емитување платено политичко рекламирање. Рече дека со последните измени на Изборниот законик, Агенцијата доби нова обврска во однос на ППР. Освен обврската што беше на претходниот изборен циклус за извештај до ДИК за вкупното емитувано ППР на

сите радиодифузери, со последните измени се наметна и обврска и да се потврдат извештаите за реализирани услуги што ќе ги подготват радиодифузерите пред ДИК да им ги исплати средствата за ППР што се исплаќаат со средства од буџетот на државата. Со измените на Изборниот законик Агенцијата има обврска да воспостави целосен мониторинг над сите субјекти коишто ќе склучат договори со учесниците во изборниот процес за ППР. Рече дека тоа реално изгледа како невозможна мисија затоа што нема технички можности за тоа да се реализира, но се обидуваат во Нацрт-упатството да се направи концепт како тоа би можело да функционира. Овој концепт за потврдување на извештаите се темели пред се на обврската што ја имаат радиодифузерите за време на изборен процес да ја снимаат вкупната програма, значи излезниот сигнал од вкупната програма и снимките да ги чуваат 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да достават снимка и исто така, на обврската што им е дадена сега со последните измени на Изборниот законик да ги достават до Агенцијата и до ДИК договорите што ќе ги склучат со учесниците во изборниот процес. Објасни дека идејата на упатството е, радиодифузерите што ќе ги склучат договорите веднаш да ја информираат Агенцијата со тоа што ќе испратат копија од склучените договори, а Агенцијата да ги информира оние радиодифузери за коишто нема снимки да достават снимки од програмата за деновите кога ќе емитуваат ППР. За да не се преоптоварува службениот е-мејл на Агенцијата ќе се направи посебна електронска адреса којашто ќе ја креираат колегите од ИТ-секторот и целата комуникација со радиодифузерите, праќање на овие информации за склучени договори, праќање снимки да се одвива електронски. Од радиодидифузерите ќе се бара електронски да ги испраќаат снимките преку We-transfer во форматите коишто се дефинирани во упатството, во соработка со колегите од ИТ. Откако ќе бидат проверени снимките, медиа плановите и дали е испочитувано тоа што е во договорите со политичките субјекти, извештајот што радиодифузерите би ни го доставиле, на образец што Агенцијата ќе го осмисли, Агенцијата ќе го потврди со печат и потпис доколку податоците на радиодифузерите се совпаѓаат со податоците што ќе ги добиеме со мониторингот на снимките од емитуваната програма. И за овој документ се предлага да се отвори јавна расправа од седум дена, заклучно со 6 март, а по консултации со ДИК околу изгледот на образецот заизвештаите за реализирани услуги ќе го креираме образецот којшто потоа ќе го објавиме на веб страницата.

Г-дин Петрушевски постави прашање, со оглед на тоа дека ова за него претставува една обемна механичка операција, во смисла на математика, дали ќе се ангажираат дополнително луѓе само за оваа работа?

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска одговори потврдно, и рече дека уште не може да предвиди за колку луѓе станува збор. Во Изборниот законик е утврдено дека ППР може да емитуваат само оние радиодифузери коишто претходно ќе се регистрираат во ДИК. Во Агенцијата досега се пристигнати 98 ценовници, од 98 субјекти. ДИК пред некој ден објави дека го усвоиле регистарот и дека има 89 радиодифузери коишто уредно се регистрирале, така што уште не знаеме кои се тие. Ќе треба да се почека и да се види кога ќе почнат да стигаат првите известувања од радиодифузерите, за да се согледа дали сите тие 89 коишто успеале навреме да се регистрираат ќе склучат договори и врз основа на информациите коишто ќе се добијат ќе се спроведе мониторингот. Но, посочи дека постои можност да се соочат со недостиг и на технички услови за работа на овие луѓе, а и просторни услови ако се ангажираат повеќе луѓе.

Г-дин Петрушевски рече дека не верува дека е поготвен софтвер за оваа работа. Треба некако да се пресмета. Исто важи и за документите. Отвори дискусија.

Г-дин Трајчев рече дека ова е многу важно, се има некаква законска обврска која Агенција треба да ја спроведе и важно е таа да се организира за да може тоа да се реализира. Предложи дека можеби е добро уште сега да се побара некаков простор којшто ќе се искористи за таа намена. Да се најде некоја техничка опрема, која би се позајмила од некои други државни органи. Да се пратат дописи, за да може тоа да се организира како што треба. Да не се случи во некој период кога тоа ќе биде невозможно да се организира, да се соочи со ситуација да не може да ги исполни обврските од Законот. Неговата идеја и предлог беше да се почне со подготовки од сега. Штом се регистрирале толку радиодифузери, веројатно сите или најголем дел од нив ќе бидат предмет на мониторинг и така да се планира и димензионира. Предложи да се најдат луѓе, да се промени буџетот за финансиски средства за да не се случи Агенцијата да не може да одговори на обврските по Законот.

Г-дин Петрушевски рече дека претходно разговарал со раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити на темата која ја отвори г-дин Трајчев, и посочи дека може да се размисли за опцијата луѓето што ќе се ангажираат далечински да работат со свои средства, колегите од Секторот за информатичка поддршка и општи работи да им направат налози како да работат од седиштето на Агенцијата. Далечински преку VPN тие ќе бидат дел од системот само што ќе си користат свои простории. Во оваа насока рече дека не ги знаат аргументите на раководителката Јаневска.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска рече дека има техничка можност да им се даде на соработниците да пристапат од дома до системот со снимките. Ова го правеле и претходно во други изборни процеси, меѓутоа порано поинаку беа ангажира соработниците, преку авторски договори, а сега се ангажираат преку Агенција за привремени вработувања, со сите права и обврски како другите вработени – осумчасовно работно време. Треба да се преиспитаат тие законски можности и да види дали може да се ангажираат од дома затоа што треба да изработат осум часа и тоа да се регистрира.

Г-дин Фиданоски се согласи дека прашањето е сензитивно, бидејќи практично врз основа на извештаите од Агенцијата, ДИК ќе ги исплаќа парите на медиумите за ППР. Бидејќи станува збор за јавни пари, секогаш фокусот на јавноста е малку поконцентриран. Во овој случај, не се малку пари, околу 6,5 милиони евра ќе бидат потрошени, можеби и помалку. Без оглед на тоа, упатството според него е детално разработено. Рече дека и тој ќе се приклучи кон досегашните дискусии дека треба да бидат внимателни, да ги вложат сите ресурси кои ги имаат во овој период, затоа што мора тоа да се одработи максимално професионално за да не бидат доведени во ситуација јавноста да вперува со прст кон нив. Станува збор за некои 50-тина дена од сега натаму. Верува дека тоа ќе го направат, бидејќи медиумското покривање на изборите и во Програмата е ставено како приоритет.

Г-дин Трајчевски рече дека е точно дека се пријавени, односно се регистрирани 89 медиуми во ДИК, но со оглед на фактот дека политичките партии располагаат со ограничени финансиски средства, односно немаат неограничени буџети за ППР, тој очекува дека максимум на половина од овие медиуми ќе се емитуваат рекламите,

односно политичките партии ќе имаат намера со тие средства што ги имаат да се рекламираат на оние медиуми коишто се најгледани, односно се најслушани.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што од нивен аспект сериозно се сфаќа оваа законска обврска. Знае дека нема да биде лесно, бидејќи тоа е една огромна и обемна работа, да се потврди сето тоа што тие ќе го кажат во договорите, во медиа плановите и да се мерат, бидејќи секоја секунда се валоризира со одредена материјална цифра, со одредени пари. Иако ќе бидат информирани, ова ќе биде објавено и на веб страницата на Агенцијата и сигурен е дека медиумите, бидејќи се работи за пари кои тие треба да ги земат, ќе знаат да се ориентираат, да се прилагодат и да ги исполнат овие услови, односно начинот на кој ќе ја информираат Агенцијата за времето кое го посветиле на ППР. Без оглед на дилемите, тој би рекол дека ова е една добра прилика медиумите финансиски да се поткрепат, бидејќи ќе имаат една сериозна и сигурна основа, една материјална база и е во период кога Советот покрена неколку иницијативи за одземање на дозволата поради неплаќање на годишниот надоместок, па сега овој потег, за време на изборите, сигурно ќе биде добар за нив. Не знае дали е соодветно медиумите што ќе учествуваат во ППР да бидат информирани поединечно за методологијата и за обврските коишто ги чекаат во смисла на реализација на ППР или тие ќе се информираат само од нашата веб страница, бидејќи во минатото имало случаи дека наводно не ги примаат дописите од Агенцијата и слично. Смета дека за ова нема да има таков проблем, бидејќи се работи за нивен интерес. Сепак, не би било лошо радиодифузерите да бидат информирани за ова, бидејќи Советот и Агенцијата како регулатор и согласно Законот, сакаат да им помогнат да имаат што подобра економска позиција, економски средства, па во оваа смисла да не се јави процедурална препрека, во смисла некој медиум имал ППР, а ненавремено доставил снимки или нешто друго побарано од Агенцијата заради комплетирање за секој медиум на некој вид на досие, за секој реален час, за која политичка опција, за која листа колку секунди имале итн. Посака добра реализација за на крај да не му се даде причина на никој, ниту на ДИК да не ги исплати средствата. Идејата му е да успее процесот, со наша помош и со наша стручност сите тие средства и секунди кои радиодифузерите ќе ги емитуваат како ППР да се реализираат во материјална смисла, односно да стигнат до медиумите.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.03-900/1 од 27.02.2020 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно го усвои Нацрт-упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведенето Нацрт-упатството да го објави на веб страницата на Агенцијата во времетраење од 7 дена, заклучно со 6 март 2020 година, со цел да обезбеди јавна расправа и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека врз основа на последните измени на ЗААВМУ произлегуваат следните три точки од Дневниот ред, од кои што има две нови Нацрт-упатства коишто досега не биле во употреба и измена на Нацрт-правилник, којшто не произлегува од измените на Законот. Агенцијата нема обврска да го менува овој

Правилник, но за да им се излезе во пресрет на странските радиодифузери и на кабелските оператори во Република Северна Македонија, се пропишува изгледот на изјавата којашто е новина во Законот, но и за да не се случи некој странски радиодифузер да прати изјава со несоодветна содржина, па поради Агенцијата да ја враќа, се дефинира изгледот на изјавата којашто ќе треба да ја потпишат овластените претставници на странските радиодифузери, односно овластените претставници на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Објасни дека изјавите коишто ќе треба да ги потпишуваат овластените претставници на странските радиодифузери и овластените претставници на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во Република Северна Македонија немаат обврска да бидат заверени на нотар. Во членот 2, после „Изјава прилог број два заверена на нотар", се се додаваат два нови става, Изјава прилог број 3 и број 4, кај кои се бришат зборовите „заверена на нотар" и. Број два си останува заверена на нотар.

Г-дин Петрушевски за да биде појасно запраша дали зборовите „заверено на нотар" се бришат и запирката се повлекува.

Г-дин Трајчевски одговори потврдно.

Г-дин Петрушевски посочи дека сите знаат дека законот е донесен на 16 февруари, непосредно пред да се распушти Собранието. И дека тие како Совет, и службата и директорот секако немаат голем избор. Законите мора да се почитуваат и соодветно така е направен предлогот, односно е пресликан од законот. Сега рече ќе биде интересно да се види, јавноста и заинтересираните страни дали ќе дадат некое подобро решение. Ако биде подобро, секако дека ќе го прифатат. И членовите на Советот ако дадат забелешки исто така ќе ги прифатат. Рокот, според Законот е минимум 30 дена. Рече дека 35 дена се доволни за јавна расправа. Во меѓувреме, се надева дека проблемите што се случија меѓу двете заинтересирани страни, медиумите и кабелските оператори, ќе бидат меѓусебно разрешени. И двата субјекти се многу битни за државата, медиумите се чувари на демократијата, многу се важни како надзор на власта за тоа како таа работи и многу се битни за влијанието, односно да достават балансирани и правилни информации до граѓаните за тие да можат да го направат вистинскиот избор. Кабелските оператори овозможуваат содржината од медиумите да дојде до граѓаните. Некаде 90 проценти од гледањето на медиумите и слушањето е преку кабелските оператори. Исто така, кабелските оператори, од тоа што тој го знае во развојот на информатиката се покажале како многу одговорни, односно имаат голем удел во развојот на електронските услуги и голем удел во развој на интернетот. Значи сите кабли, целата оптика во државата е пуштена од овие кабелски оператори, така што се надева дека нивната соработка ќе продолжи добро и согласно интересите на двете страни и дека овој конфликт ќе се намали или ќе се разреши.

Г-дин Фетаи се надоврза на идејата на директорот да не се бара изјавата да биде заверена на нотар. Се согласи дека треба да се поедностави начинот на реализација на правата, имајќи го предвид значењето како на кабелските оператори така и на самите медиуми. Тие се дел од медиумскиот пејзаж на едно демократско општество. Агенцијата како регулатор, треба да биде и е во функција на реализација на таа идеја, во рамките на законот, операторите и телевизиите да имаат можност да ги реализираат нивните права, но и нивните обврски. Добар е предлогот заверката да се избрише како нивна обврска, затоа што како е можно еден странски имател на

права да треба оди на нотар 10 или 15, 20 пати, додека тој самиот со својот потпис, со својата изјава вели дека ги застапува правата. Смета дека има доволно време, 35 дена ќе биде ова на јавна расправа. Тој посочи некои забелешки, рече дека може ќе ги анализира подетално и ќе ги достави на писмено кога ќе има време, бидејќи како што рече и претседателот, жално е што се доведе јавноста и заинтересираните страни во позиции за кои засега не се гледа компромис. И едните и другите опстојуваат на реализација на нивните права и мислат дека се во право, а реално гледано, тој како долгогодишен член на регулаторот, без оглед на задршките и резервите што ги има кон одредени законски обврски, бидејќи овој закон е донесен сега на 16 февруари 2020 година, уште ги нема ефектите од овој закон, но почетокот не е позитивен, бидејќи сите страни реагираат. Едни го фалат, други не се согласуваат со законот. Рече дека овој Нацрт-правилник ќе ни даде време овие 35 дена како да настапиме. Посочи дека не сме ние тие кои ги оценуваат законите, туку сме тука да ги спроведеме. Се надева дека нема да има големи штети или недоразбирања во смисла на спроведување на овој Закон. Додека е во сила Законот тој мора да се спроведува и тука не треба да има некои дилеми.

Г-дин Фидановски рече дека апсолутно нема никакви дилеми дека како регулатор, како надлежен субјект за спроведување на ЗААВМУ, Советот мора да го донесе овој подзаконски акт, односно да ја отпочне постапката за донесување на овој подзаконски акт, согласно последните измени на Законот, а со кој поблизу ќе се уредат законските одредби за оваа материја. И тој се согласува со предлогот дека треба за вака сензитивно прашање, го нарече сензитивно затоа што имаше многу реакции во јавноста по ова прашање, па и од заинтересираните страни, дека треба да се даде едно оптимално време на траење на јавната расправа, тие 35 дена. Верува дека ќе се добијат предлози. Тој јавно ги повика сите заинтересирани и засегнати страни да учествуваат активно и посветено и со своите предлози да се приклучат за на крајот овој документ, во финалната фаза да биде подобрен на квалитетен начин и да бидат задоволни сите засегнати страни со него, односно при неговата имплементација. Инаку сака јавно да постави неколку прашања и дилеми што ги има по ова прашање, а тоа е: Ги чувме најавите дека ќе има прекин на програмите на кабелските оператори, како што ги окарактеризираа претходните колеги, и тој се согласува дека медиумите се чувари на демократијата, окото на јавноста и од тој аспект се несомнено важни за демократскиот амбиент во нашата држава, но исто така и кабелските оператори, односно операторите за реемитување програма, имајќи предвид дека 90 проценти од македонските домаќинства се приклучени на нив имаат голем удел или влијание во овој сегмент. Затоа најавата дека од почетокот на идната недела ќе има прекин на програмите и дека освен јавниот сервис друго, така да се изрази ќе биде затемнето, поставува пред него дилеми и прашања дали, во колкав обем и колку долго Македонија ќе се соочи со овој таканаречен во јавноста „медиумски мрак"? Како тоа ќе влијае на процесите во општеството и на демократскиот амбиент воопшто? Како на тој начин ќе се зборува за остварување на медиумскиот и политичкиот плурализам? Чисто само неколку збора за објаснување. Медиумскиот плурализам е концепт од повеќе аспекти, од медиумската сопственост до тоа што најмногу не интересира за ова прашање, а тоа се различните програмски содржини, а политичкиот плурализам е еднаквиот пристап на различните гледишта. Дали на овој начин ќе се загрози изборниот процес ако се оствари оваа така наречена закана или предупредување? Бидејќи ќе нема медиумско покривање, односно гледачите и граѓаните нема да можат

да го видат медиумското покривање или ППР на учесниците во изборите. Дали се наштетува на јавниот интерес? Дали граѓаните како крајни корисници ќе бидат најоштетени? Колку од нив ќе се вратат на поставување на таканаречени антени, затоа што националните телевизии со терестеријален сигнал можат да се гледаат и без кабелски оператор, со обична антена. Дали мнозинството ќе се определи за таканаречениот интернет пристап до телевизиските канали, дримбокс, сателитски антени итн.? Тоа само по себе, според него, отвара нова дилема дека на овој начин се отвора врата и за пиратерија, бидејќи тоа не е легално. Таквиот начин на реемитување и редица други прашања се отвораат како дилеми и верува и искрено се надева дека во текот на јавната расправа ќе се добијат одговори на овие прашања, затоа што навистина според него се исклучително важни и потребно е да бидат расчистени. Од тие причини, повтори дека ќе даде поддршка на Нацрт-правилникот што сега е на усвојување. Ги повикува сите заинтересирани страни активно, посветено и искрено да учествуваат со свои предлози и забелешки и истите да ги достават во рокот што е предвиден за на крајот да се добие навистина квалитетен подзаконски текст со којшто ќе се заврши оваа работа и професионално ќе се реализира и имплементира.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-907/1 од 27.02.2020 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно го донесе Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот Нацрт-правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата и во времетраење од 35 дена, заклучно со 3 април 2020 година, да обезбеди јавна расправа и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева образложи дека потребата да се донесе вакво упатство произлегла од измените на ЗААВМУ од 16 февруари 2020 година. Со нив се наметна обврската Агенцијата да го пропише начинот на регистрација на законски застапник на радиодифузер од друга држава. Објасни дека во ова упатство е предвидено Агенцијата да го води таквиот регистар и предвиден е начинот како законските застапници на странските радиодифузери практично ќе се впишуваат во регистарот, поточно врз основа на доставен доказ за лична идентификација, пасош (во превод заверен на нотар) и врз основа на извод од Регистарот кој што се води во матичната држава на странскиот радиодифузер, од каде што ќе може да се утврди дека тоа лице е законски застапник на радиодифузерот. Исто така предвиден е и дел одредби во врска со обновување на впишувањето во регистарот, како и бришење од регистарот. Рече дека и за ова упатство важи рокот од 35 дена и дека се очекува широка јавна расправа која што ќе придонесе да се подобрат одредбите од Законот.

Г-дин Трајчевски рече дека слушајќи ја раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева се потсетил дека пред 4-5 години кога Советот требаше да одобри промена на сопственичка структура на едно радио, на една телевизија на територија на Скопје сопственикот беше од Финска, а во Финска нема Централен регистар. Посочи да се има ова предвид, затоа што има држави каде што не постои Централен регистар за да може да се добие документ за тоа кој е управител.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека е ставено „од Регистар кој што го води надлежен орган".

Г-дин Трајчевски рече дека во Финска нема таква институција, таков надлежен орган. Секоја компанија на својата веб страница си објавува кој е сопственик и кој е управител и тоа е официјален документ во Финска. Можеби во друга држава го има ова и затоа треба да го имаме предвид. Рече дека ќе се провери документацијата од Урбан радио, за да не се доведеме во ситуација ако имаме телевизија од таква држава да не може да биде ставена во регистарот поради законскиот застапник.

Г-дин Петрушевски рече дека државата којашто е спомената е позната во оние меѓународни кругови, каде што имале можност да контактираат како една од најразвиените земји во светот во поглед на медиумите, за демократијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-909/1 од 27.02.2020 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно го донесе Нацрт-упатство за начинот на регистрација и бришење на законскиот застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата и во времетраење од 35 дена, заклучно со 3 април 2020 година, да обезбеди јавна расправа и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева образложи дека потребата да се донесе вакво упатство произлегла од измените на ЗААВМУ од 16 февруари 2020 година. Посочи дека при изработката на ова упатство е стартувано од досегашна пракса, како и од надлежностите на Агенцијата, коишто прилично јасно се утврдени во ЗАВМУ. Така што предвидено е во случај кога постои сомневање дека не се уредени правата за било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузер од друга држава којшто се реемитува тука, првиот чекор е дека Агенцијата ќе побара договор од операторот и од радиодифузерот во којшто ќе може да се констатира дека се уредени правата. Се предвиде обврска во рок од 15 дена да се достави таков договор, доколку во тој рок не биде доставен договорот, или биде доставена било каква документација од којашто не може да се констатира дека се уредени правата, согласно нашите надлежности, за

ваквите сомневања дека постои повреда ќе го известиме надлежниот орган за авторските и сродните права, како досега во праксата, МВР и ОЈО.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-908/1 од 27.02.2020 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно го донесе Нацрт-упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведеното Нацрт-упатство да го објави на веб страницата на Агенцијата, со цел да обезбеди јавна расправа во времетраење од 35 дена, заклучно со 3 април 2020 година и да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка бр.7**

Г-дин Петрушевски во врска со четирите предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување предложи објаснувањето и општата дискусија да бидат заеднички за сите предлози, додека гласањето да биде поединечно за секој радиодифузер посебно.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека за овие радиодифузери се иницирани постапки одземање на дозволата поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Во меѓувреме тие извршиле уплата и затоа се предлага да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

-Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, бр.08-49 од 05.01.2015 година.

На 25.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 97.244,00 (деведесет и седум илјади двесте четириесет и четири) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-66 од 14.02.2015 година

На 26.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 100.178,00 (сто илјади сто седумдесет и осум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радио дифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 14.02.2015 година

На 26.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 480.518,00 (четиристотини и осумдесет илјади и петстотини и осумнаесет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радио дифузно друштво БИ-КИ-АЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година.

На 28.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 34.727,00 (триесет и четири илјади и седумстотини дваесет и седум) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозвола за радио емитување и од таа причина се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година поради прекршување на член 80 став 5 а согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-882/1 од 26.02.2020 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според ф-ра бр.2020-100-0045 од 09.01.2020 година, односно заклучно со 25.02.2020 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 194.239,00 (сто деведесет и четири илјади двесте триесет и девет) денари.

**Точка 9**

Г-дин Петрушевски во врска со двата предлога за одземање на дозволата за радио емитување предложи објаснувањето и општата дискусија да бидат заеднички, додека гласањето да биде поединечно за секој радиодифузер.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека ТРД Радио Браво од Куманово и ТРД Дрини од Струга го немаат платено во целост годишниот надоместок за дозвола за радио емитување во дополнителниот рок, односно само ТРД Дрини има извршено уплата од 70%.

Г-дин Петрушевски рече дека ТРД Дрини има извршено уплата од 70% и има испратено мејл со којшто замолува истиот да се прочита на членовите на Советот. Рече дека сака да биде чесен кон барањето на радиодифузерот и да го прочита неговиот мејл и побара од Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објаснување зошто не се прифаќа неговата уплата. Мејлот се однесува на информација дека ТРД Дрини ДООЕЛ Струга има извршено уплата, дека уплатницата е составен дел од мејлот и дека бараат да не се преземаат никакви мерки бидејќи го исполнуваат условот да им се намали годишниот надоместок за 30% предвидени со Закон. Исто така, бараат мејлот да се прочита пред Советот на Агенцијата и Советот да не гласа да се одземе дозволата. Г-дин Петрушевски објасни и дека Службата на Агенцијата го има информирано дека на радиодифузерот не му е одобрено намалување од 30% од годишниот надоместок, за што радиодфифузерот е информиран.

Г-дин Трајчевски објасни дека на посочениот радиодифузер не му е одобрено намалување од 30% на годишниот надоместок поради тоа што постапил спротивно од насоките што ги има усвоено Советот на Агенцијата и побарал намалување на надоместокот после предвидениот датум што Советот на Агенцијата го има утврдено со акт. Напомена дека ова не е единствениот радиодифузер кој не добил намалување на надоместокот. Повеќето радиодифузери што побарале намалување на годишниот надоместок за дозвола после утврдениот рок на Советот, на ниту еден не им е дозволено намалувањето. Посочи дека во конкретниов случај станува збор за доплата на сума од 6.800,00 денари.

Г-дин Фетаи рече дека откако Г-дин Петрушевски го прочитал мејлот со барањето од посочениот радиодифузер, ги ставил во дилема како тие да се во позиција да му ја одредуваат судбината, дали ќе постои радиото или не. Рече дека е во дилема дали да партиципираат како членови на Совет по 1.000,00 денари и да се доплати остатокот од долгот. Рече доколку имаат законска основа да го поддржат неговото барање, во ред, но доколку нема смета дека немало потреба претседателот на Советот ниту да го прочита.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска рече дека сака да информира подетално околу случајот. Откако беше одбиено барањето на овој радиодифузер за намалување на надоместокот за дозвола, како за сите други радиодифузери коишто задоцнија со доброволна пријава до 5 јануари 2020 година, како што пропишуваат насоките, радиодифузерот повеќе пати оствари телефонски контакти и со колешка од правниот сектор и со колешка од економскиот сектор, а денеска и лично со неа. Испратил повеќе мејлови. Последното барање коешто го прати деновиве е дека испрати извештај за исполнување на програмскиот концепт за

дозволата, што сите радиодифузери го имаат како обврска до 31 март во тековната година да испратат извештај за тоа како го исполнувале програмскиот концепт во претходната година. Радиодифузерот смета дека со тоа што испратил извештај и со тоа што е музичко-говорно радио, значи 90 отсто од содржината му е музика и поголемиот дел од емитуваната музика се емитува на албански јазик, како што му гласи дозволата за емитување програма, дека автоматски тоа значи дека му следува намалување на надоместокот за дозвола. Се обиделе да му објаснат дека тоа се независни процеси и дека тоа што емитува музика на албански јазик не значи дека таа е изворно создадена во државава, затоа што така гласи обврската. Идејата е да се штити културниот идентитет и тие проценки коишто тие доброволно ги пријавуваат не се за било која музика на албански јазик, туку за музика од државава создадена од домашни автори. Денеска се обиделе по телефон да му објаснат дека тоа се независни процеси, пријавата за доброволно емитување музика и исполнувањето на програмскиот концепт, но тој повторно инсистира тоа да се земе предвид и бара писмени одговори. Денеска, неа и се заканил со тужба, а на колешките и со пострашни изјави. Смета дека и овие информации Советот треба да ги има предвид.

Г-дин Петрушевски рече дека насилството не е добро во било која форма и го покани Советот да пристапат кон поединечно гласање за двете одлуки.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2020-100-0073 (арх.бр.05-148/1 од 09.01.2020 година).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2020-100-0085 (арх. бр.05-163/1 од 09.01.2020 година).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски објасни дека на 11-ти февруари 2020 година, пет дена пред распуштање на Парламентот од Телевизија 24 Вести, актуелен радиодифузер, е поднесено барање за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис преку терестеријален предавател. Но веќе се распишаа изборите, а Агенцијата ниту во финансискиот план, ниту во планот за јавни набавки нема предвидено средства ниту пак јавна набавка за изработување студија. И праксата досега и мислењето што го имаме добиено од Комисијата за спречување корупција укажуваат на тоа дека кога ќе почне изборниот процес не треба да се менуваат финансиските планови и плановите за јавни набавки, туку да се спроведуваат оние јавни набавки кои се во Годишните планови, согласно Финансиските планови што ги имаат државните институции. Од таа причина предлага да се прекине оваа постапка, а веднаш по завршување на изборите и конституирање на новата Влада, Агенцијата да пристапи кон промена на финансискиот план и на планот за јавни набавки и за распишување на ваков повик за изработка на студија за утврдување на оправданоста.

Г-дин Петрушевски коментираше дека зборот прекинување всушност значи паузирање, и дека најверојатно се работи за онаа дефиниција на зборoредот правно од законот, инаку реално оваа е паузирање. Објасни дека по завршување на изборите предлогот ќе се прифати. Посочи дека годишен план за јавни набавки по распишување на избори никогаш не се менува во ниту една институција во последниве 10-тина години.

Г-дин Трајчев запраша дали треба да биде формулацијата по завршување на изборите и конституирањето на новата Влада или конституирањето на Собранието? Кога истекуваат роковите кога се смета дека не може да се прават промени? Побара да се усогласат тие работи со Изборниот законик, за да не се најдат во ситуација да згрешат при носење на одлуки.

Г-дин Трајчевски одговори дека во мислењето на ДКСК пишува до завршување на избори и конституирањето на Владата.

Г-фин Фетаи рече дека и кај него се јавила таа дилема, бидејќи може да се доведат во позиција како Белгија, една или две години да не се формира Влада. Смета дека е подобро да стои во формулацијата до конституирање на Собранието, бидејќи Собранието е поврзано со изборите, додека Владата со конституирање на Собранието.

Г-дин Трајчев рече дека е посоодветно до конституирање на Собранието, затоа што тогаш технички завршуваат изборите.

Г-дин Фиданоски сметаше дека мислењето на ДКСК за оваа проблематика треба да се третира со најголемо значење и дека мора да се почитува. Сугерираше после завршувањето на изборите, или по објавувањето на конечните резултати, ако има потреба, а мисли дека тоа може да се направи, Агенцијата да се обрати уште еднаш до ДКСК во смисла дали има пречки да се постапи пред конституирањето на Влада. Ако ДКСК рече дека има, да се почека конституирањето на Владата, а ако нема пречки по конституирањето на Собранието, ќе може да се пристапи кон постапката што е поднесена со ова барање.

Г-дин Петрушевски рече дека нема дилеми за Годишниот план за јавни набавки, затоа што веќе има мислење од Бирото за јавни набавки дека тој не може да се смени.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Заклучок да се прекине постапката во врска со доставеното барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс поради распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на РСМ.

Сите потребни активности: измена и дополнување на Финансискиот план и на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2020 година и спроведување постапка за доделување на договор за јавна набавка за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување на јавен конкурс согласно Законот за јавни набавки, да се преземат веднаш по завршувањето на изборите и конституирањето на новата Влада.

Секторот за правни работи да го извести подносителот на Барањето ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип за донесениот Заклучок.

**Точка 11, 12 и 13**

Г-дин Петрушевски во врска со Точките 11, 12 и 13 предложи објаснувањето и општата дискусија да бидат заеднички, додека гласањето да биде поединечно за секоја точка, бидејќи се работи за ист прекршок.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека сите три извештаи се од контролен надзор. На овие радиодифузери за овој прекршок Советот на Агенцијата им изрече мерка во декември 2019 година. Кај сите со надзорот е констатирано дека и понатаму продолжуваат да го вршат истото прекршување. Објасни дека станува збор за прекршување на Правилникот за нови рекламни техники кој пропишува дека при рекламирањето на поделен екран треба да помине период од 15 минути од едно инсертирање до друго со цел да се заштити интегритетот на аудиовизуелното дело и да се заштити публиката од прекумерно рекламирање. Имајќи го предвид заклучокот на Советот што е донесен на 24 јануари годинава, на радиодифузерите, значи за сите три радиодифузери не се предлага покренување на прекршочна постапка туку се предлага изрекување јавна опомена со рок од 15 дена да се усогласат со подзаконските одредби, со ЗАВМУ и со Правилникот за нови рекламни техники и потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали ќе се усогласат. Инаку изјаснувања по констатираните прекршувања доставија ТВ Алфа и ТВ Телма. Во изјаснувањата се наведува дека станува збор за ненамерни грешки и дека се преземени мерки за да ги отстранат неправилностите.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-532/1 од 07.02.2020 година и едногласно донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на

членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-471/2 од 10.02.2020 година и едногласно донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10/470/1 од 04.02.2020 година и едногласно донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите на членот 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Се задолжи Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжи Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка Разно**

Г-дин Петрушевски информираше дека има дополнителна информација за оваа седница и замоли да се даде вовед во точката.

Г-дин Трајчевски објасни дека денес од Агенцијата за електронски комуникации е стигнат допис со кој известуваат дека врз основа на нивните спроведени мерења констатирано е дека ТРД Радио ЈОН не емитува програма. Појасни дека Агенцијата и Советот го имаат добиено истото известување од 10 февруари 2020 година, кога истиот радиодифузер известил дека од технички причини не емитува програма. Отворената постапка кон овој радиодифузер се однесува на тоа дека нема покриеност од најмалку 80% од населението и таа постапка е прекината затоа што се чекаше допис од АЕК. Прекршувањето што го прави радиодифузерот од 10 февруари се однесува на друг член од Законот, односно неемитување програма најмалку 30 дена. Појасни дека некаде отприлика на 8 или 9 март истекуваат 30 дена, кога Советот, ако радиодифузерот не почне да емитува програма треба да започне постапка за одземање на дозволата. Посочи дека на седницата се присутни и раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити и раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар, кои ќе дадат образложение.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити рече дека директорот го објаснил најглавното. Хронолошки, на 24 јануари 2020 година, Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата на ТРД ЈОН Радио заради непокривање со сигнал на најмалку 80% од населението и му даде рок, законски предвиден рок од 15 дена, да ја отстрани оваа грешка. На 7 февруари, Советот на Агенцијата донесе заклучок со кој се прекина, се паузираше постапката за одземање на дозволата, бидејќи Агенцијата немаше добиено информација од АЕК дали радиодифузерот почнал со емитување и дали работи согласно Законот. До АЕК беше доставен допис да не извести за ова. На 10 февруари, во Агенцијата пристигна писмо од ТРД Радио ЈОН со кое не извести дека престанал со работа заради модернизација на опремата и заради модернизација на своите предаватели. Тука настанува онаа втората законска пречка, значи од тој ден Секторот за информатичка поддршка и општи работи го има ставено овој радиодифузер под надзор за да утврди дали радиодифузерот ги пречекори тие 30 дена на неемитување. Денеска стигна писмо од АЕК дека не се исполнува покриеност, бидејќи радиодифузерот не емитува програма. Кога не се емитува програма нема начин како да одговори дали процентуално е покриено некое географско место.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека на предлог на директорот, Советот започна постапка за одземање на дозвола за овој радиодифузер и таа постапка беше покрената заради повреда на член 62 став 5 и член 6 од Правилникот за подрачјата за емитување на ТВ и РА програмски сервиси. Постапката беше иницирана на 24 јануари, и во рок од 15 дена, на 08 февруари 2020 година, доколку тој рок од 15 дена се испочитува, Советот требаше да донесе одлука. Ден претходно, на 07 февруари, постапката од познатите причини

беше прекината и беше испратен допис до АЕК да се изјаснат по повод барањето од Советот во врска со овој член. АЕК се надоврза на дописот од Советот, односно од Агенцијата и одговорот што денеска пристигна е одговор на тој допис. Со оглед дека постапката беше прекината на 14-от ден, а денес е стигнат дописот, Советот треба да донесе одлука во врска со покрената постапка денеска, затоа што денеска има седница, затоа што е доставен дописот од АЕК, или да каже дека радиодифузерот го усогласил своето работење. Оваа постапка мора да заврши, на еден или на друг начин. Едниот начин е да се каже дека тој го усогласил своето работење со Законот, другиот начин е да му се одземе дозволата. Ако надлежниот сектор поинаку го толкува овој допис или ако дописот не е јасен и ако Советот поинаку го толкува, рече дека не знае, може да се побара дообјаснување. Меѓутоа, рече, овој допис за неа е јасен, дека АЕК одговорил на барањето, е сега до Советот е да одлучи, а рокот е денеска, или ако утре е работен ден за Агенцијата утре е 15-тиот ден, меѓутоа ако сабота и недела се сметаат во рокови, понеделник, бидејќи последниот ден ако се падне во недела, понеделник е првиот работен ден за Советот. Ова, според неа е помалку важно, иако, се разбира важни се роковите кога истекува последниот ден, дилемата е дали овој допис е одговор на барањето на Агенцијата или не, дали радиодифузерот се усогласил или не.

Г-дин Трајчев рече дека тој внимателно слушал и по она што сега го слушнал произлегува дека Советот треба да ја одземе дозволата, затоа што има известување дека нема покриеност 80%.

Г-дин Трајчевски рече дека радиодифузерот не работи и дека станува збор за два различни члена од Законот.

Г-дин Трајчев рече дека ако не работи значи дека нема ни покриеност. Значи ако нема покриеност, дали работи или не, треба да се одземе дозволата. Праша дали така се сугерира?

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар рече дека многу е важно надлежниот сектор да каже дали го доби одговорот на прашањето, односно дали има покриеност и врз основа на тоа Советот да заземе став. Инаку за покриеност со сигнал е еден член од Законот, за неработење 30 дена има друг член и тоа е сосема друг основ по којшто би започнала постапка за одземање на дозволата. Во случајов, постапката е почната по член 82 став 5 а во врска со член 82 став 1 алинеја 5. Значи оваа постапка која што ја започна Советот во рок од 15 дена треба да заврши. Прекинот беше настанат поради претходно прашање, претходното прашање зависеше од АЕК, АЕК денеска го достави одговорот и сега Советот треба да се изјасни во врска со овој одговор.

Г-дин Трајчевски рече дека на седницата кога Советот ја прекинал постапката, раководителката Скерлев - Чакар кажа дека постапката се прекинува на 10-от ден, односно повеќепати одговори вака, поради што сака да се пушти снимка од седницата. Втора работа е, рече, дека како правник колешката знае дека тоа се два различни основи за одземање на дозволата, едно е неемитување 30 дена програма, а друго е немање на покриеност со сигнал. Посочи дека во дописот јасно пишува со болдирани букви дека Радио ЈОН не емитува програма. За каква покриеност може да се зборува кога овој допис е добиен на 10 февруари. И сега, рече, раководителката Скерлев - Чакар дека го доведува и целиот Совет во заблуда и него како директор. На 7-та седница тврдела дека има уште 5 дена, а денес им кажува дека тогаш кажувала

примери. Праша дали и сега на седницата ова е предлог или пример за да донесат одлука. Замоли да се пушти снимката од 7-та седница, по што таа беше пуштена.

Г-дин Петрушевски рече дека одговорот од АЕК го добиле пред седницата, не биле информирани пред седницата, очигледно дека и секторите не се усогласени, поради што точката ќе ја смета за невалидна. Ги замоли службите да си закажат состанок, директорот да ги викне и едниот и другиот сектор, ако треба да има точка во вторник, а ако не, веќе не гледа потреба од дискусија, освен ако сака нешто директорот да додаде.

Г-дин Трајчевски рече дека ќе го прочита Писмото што е добиено од АЕК каде што не известува дека ТРД ЈОН Радио не емитува програма, информација која ни е доставена и од самиот радиодифузер заради модернизација на постоечката опрема. Секторот за Информатичка поддршка од 10.02.2020 година го има ставено под мониторинг емитувањето на ТРД ЈОН Радио Струга со цел - надзор на член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кој се уредува емитувањето на радио и телевизиски програмски сервиси, односно дали имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини. Во овој случај не можеме да потврдиме покриеност со сигнал кога го знаеме фактот дека радиодифузерот воопшто не емитува програма. Затоа предложил за време на седницата да се подели дописот на АЕК до членовите на Совет и до Директорот и да се дообјасни ситуацијата.

Дополни дека тоа е дописот што го има испратено Арбен Саити и дека кога тој ја добил информација дека денес треба Советот да донесе одлука, самиот се сетил дека претходно кога имаше дискусија на седница, стана збор дека преостануваат 5 дена, што значи дека ако треба да се одземе дозволата, 5 дена истекуваат во вторник, кога повторно ќе има седница Советот. Затоа побарал да ја погледне снимката, за да се осигура дали станува збор за 5 дена или за 1 ден. Откако е прегледана снимката и воочено е дека станува збор за 5 дена, не е подготвен материјал за седница туку е доставен дописот до Советот со цел информирање, како што и претходно два пати се информирани членовите - кога радиодифузерот извести дека не емитува програма и кога извести за проблемите што ги има со другиот радиодифузер, иницијатор на постапката, во стечајната постапка за купување на опремата.

Г-дин Трајчев рече дека за него е непримерно да се ставаат така важни точки под точка Разно. Ниту има материјали, ниту знаат за што треба да се дискутира. Ако се дознало утрово, материјалот можел да се прати дополнително како што впрочем и се прави и друг пат. Второ, процедурално е нејасно зошто мора да има ваква дискусија, мора да се работи по Закон и правно. Побара да се утврди точно кога е датумот, жал му е што не присуствувал на седницата кога се донесе прекинот, и кога точно прекинот треба да продолжи. И ако се гледа правно треба да се утврди точната фактичка состојба од правен аспект во кој момент е поминат тој рок кога Советот е должен да постапи согласно започнатата постапка. Тоа е битно Советот да го знае. Сега нема никакви факти, се става точка под разно, треба да се дискутира за сериозно прашање, има мислење од еден сектор од Стручната служба дека треба да се одземе сега во овој момент дозволата. Меѓутоа, треба точно да се знае како треба да се постапи - ако треба да се одлучи денес, да се одлучи денес, ако е рокот утре како што кажавте, има можност седница утре да имаме. Битно е да се постапи по закон и тоа е задачата на Советот.

Раководителката на Секторот за правни работи Андриана Скерлев – Чакар уште еднаш посочи дека на седницата кога беше предложено прекинување на постапката, во однос на 9 односно 10 дена, па наредниот ден, кажувала примери. Воедно, напомена дека одземање на дозвола по предлог од директорот имало 5-от ден, 7-от ден, односно нема пракса секогаш 15-от ден да се одзема дозволата, така е одземена дозволата на ТВ КИСС или ТВ ИРИС кога Советот беше на одмор, па подоцна се одзеде дозволата. Рече и дека нема директна комуникација со директорот, а дека напишаното денес е со најдобра намера, да се постапи со оглед на тоа што видела дека на contact@avmu.mk стигнал одговор од АЕК, знае дека е прекината постапката и дека денеска има седница.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи Арбен Саити рече дека со денешниот допис што е добиен од АЕК не може да да се заклучи дали радиодифузерот има покриеност од најмалку 80% од населението на РСМ, бидејќи АЕК тоа го прави врз основа на пресметки, а радиодифузерот во меѓувреме престанал да емитува.

Г-дин Фидановски замоли во иднина да не се доведува Советот во позиција да биде суд, кој што ќе суди или пресудува за меѓучовечки односи, затоа што Советот одлучува по предлози доставени од стручната служба преку директорот и така треба да се постапува и во иднина.

На истиот став беше и г-динот Трајчев кој се согласи дека не смее да се дозволи вакво однесување и дека Советот треба да дискутира за конкретната ситуација и побара да биде даден предлог од Агенцијата како да се постапи - Дали треба согласно член 83 каде што има обврска во рок од 15 дена да се постапи, ако денеска е тој рок тогаш мора денес да се одлучи, независно како мора да се стави како точка од страна на Претседателот, ако не е денес, Претседателот е должен да ја стави оваа точка во рамки на рокот од 15 дена кога тој и да завршува. Службите да ги проверат роковите и точката да биде ставена на дневен ред согласно Законот.

Г-динот Петрушевски рече дека ја прекинува седницата врз основа на исказот од Арбен Саити и со оглед на тоа што материјалот не е подготвен како што треба.

**Бр. 02-885/19**
**22.04 2020 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**